**20240791621**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 15 став (7) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16, 142/16 и 233/18), а во врска со член 6 став (2) и член 23 став (5) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 7/19), министерот за правда, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНИОТ ПЕЧАТ, СУВИОТ ЖИГ, ЖИГОТ ЗА ВОСОК И ШТЕМБИЛИТЕ НА НОТАРОТ, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ, ЗАМЕНА, ОДЗЕМАЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување.

Член 2

Службениот печат, сувиот жиг и жигот за восок на нотарот имаат тркалезна форма и го содржат грбот на Република Северна Македонија и називот „Република Северна Македонија”, називот „НОТАР”, името и презимето на нотарот и подрачјето на основниот суд за кое е именуван нотарот.

Член 3

Службениот печат на заменик-нотарот, помошник-нотарот и нотарот кој привремено ја врши службата има правоаголна форма и го содржи грбот на Република Северна Македонија, називот „Република Северна Македонија”, називот „заменик-нотар”, „помошник-нотар” или „нотар кој привремено ја врши службата”, името и презимето на лицето и подрачјето на основниот суд за кое е именуван нотарот.

Член 4

(1) Службениот печат од членот 2 од овој правилник е со пречник од 40 мм и се втиснува со црно, темно-сино или виолетово мастило.

(2) Службениот печат од членот 3 од овој правилник е со димензии 40 мм x 30 мм и се втиснува со црно, темно-сино или виолетово мастило.

(3) Сувиот жиг е со пречник од 40 мм и тој се втиснува со механичко притискање врз нотарската исправа.

(4) Жигот за восок е изработен од метал во пречник од 40 мм и тој се втиснува врз црвен восок.

Член 5

(1) Со службениот печат, сувиот жиг и жигот за восок (во натамошниот текст: жигот) ракува само нотарот и лицата во неговата канцеларија, кои затоа имаат посебно писмено овластување.

(2) Службените печати и жигот, надвор од работното време, нотарот ги чува заклучени во нотарската канцеларија.

(3) Печатот и жигот се нарачуваат, изработуваат и поништуваат согласно со одредбите од Законот за нотаријатот и овој правилник.

Член 6

(1) Нотарот во вршење на својата работа користи и штембили.

(2) Нотарот ги користи штембилите предвидени со Законот за нотаријатот и правилниците со кои се пропишува неговото работење.

Член 7

(1) За потребите на нотарското работење се користат следните штембили:

1. Штембил за заверка на нотарски деловни книги (Образец бр.1);
2. Штембил за означување на нотарската канцеларија (Образец бр.2);
3. Штембил за прием на писмено – приемен штембил (Образец бр.3);
4. Штембил за заклучување на нотарски деловни книги (Образец бр.4);
5. Штембил за одобрено ослободување од плаќање на нотарски трошоци-такси (Образец бр.5);
6. Штембил за потврда на извршност на нотарска исправа (Образец бр.6);
7. Штембил за заверка на извод (Образец бр.7);
8. Штембил за заверка на препис (Образец бр.8);
9. Штембил за заверка на потпис или ракознак (Образец бр.9);
10. Штембил за заверка на изводи и преписи од регистри, трговски и деловни книги (Образец бр.10);
11. Штембил за заверка на превод (Образец бр.11);
12. Штембил за потврда на времето кога исправата е поднесена (Образец бр.12);
13. Штембил за потврдување на рокот на чување на списот (Образец бр.13);
14. Штембил за пресметка за авансирање на трошоци за излегување надвор од канцеларија (Образец бр.14);
15. Штембил за архивски број (Образец бр.15);
16. Штембил за потврда на правосилност на решение за нотарски платен налог (Образец бр.16);
17. Штембил за потврда на делумна правосилност на решение за нотарски платен налог (Образец бр.17);
18. Штембил за потврда на извршност на решение за нотарски платен налог (Образец бр.18);
19. Штембил за потврда на делумна извршност на решение за нотарски платен налог (Образец бр.19):
20.Штембил за потврдување на прием на списи (Образец бр. 20).

(2) Обрасците од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 1 и Прилог 1-а, кои се составен дел на овој правилник.

Член 8

Наместо ставање на штембилите од членот 7 од овој правилник, нотарот може содржината на штембилите да ја напише и на компјутер (електронски).

Член 9

Поради запазување на еднообразноста, печатот, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите по писмено барање на нотарот и на негов трошок се обезбедуваат од страна на Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Нотарската комора).

Член 10

(1) Барањето за изработка на печатот, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите се доставува до Нотарската комора.

(2) Барањето содржи: број и датум на повелбата за поставување на нотарот, решение за именување на заменик-нотарот, помошник-нотарот или на нотар кој привремено ја врши

службата, името и презимето и место на службеното седиште, бројот и видот на печатот, жигот и штембилите.

Член 11

(1) Отпечатоците од печатот, сувиот шиг, жигот за восок и штембилите се одобруваат и заверуваат од страна на претседателот на Нотарската комора. Заверените отпечатоци се депонираат на записник во Нотарската комора.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член се однесуваат и за изработените печати на заменик- нотарот, помошник-нотарот и на нотарот кој привремено ја врши службата.

(3) Содржината и бројот на изработениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембил се потврдува од страна на претседателот на Нотарската комора, кој составува записник на кој ги втиснува печатот, жигот и штембилите, а потоа ги предава на нотарот.

(4) Записникот за заверка и предавање го потпишуваат претседателот на Нотарската комора, записничарот и нотарот, заменик-нотарот, помошник-нотарот или нотарот што привремено ја врши службата.

(5) Примерок од записникот се предава на нотарот, заменик-нотарот, помошник нотарот или на нотарот што привремено ја врши службата, судот на чие подрачје е именуван и Министерството за правда.

(6) Во записникот се утврдува и бојата на мастилото која ќе ја користи нотарот, заменик- нотарот, помошник-нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата.

Член 12

(1) По дадената свечена изјава нотарот, односно по писмената изјава заменик-нотарот, помошник-нотарот или нотарот што привремено ја врши службата, го заверуваат својот потпис на записник во Нотарската комора.

(2) Потписот се заверува од страна на претседателот на Нотарската комора, кој составува посебен записник.

(3) Записникот од ставот (2) на овој член се потпишува од страна на претседателот на Нотарската комора, записничарот и нотарот, заменик-нотарот, помошник-нотарот или нотарот што привремено ја врши службата.

(4) Примерок од записникот се предава на нотарот, заменик-нотарот, помошник нотарот или на нотарот што привремено ја врши службата, судот на чие подрачје е именуван и Министерството за правда.

Член 13

Одземањето и поништувањето на печатот, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, заменик- нотарот и нотарот кој привремено ја врши службата се врши согласно Законот за нотаријатот.

Член 14

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 19/24).

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јули 2024 година.

Бр. 01-1129/3
4 април 2024 година
Скопје

Министер за правда,
**Кренар Лога/Krenar Lloga** с.р.

Прилог 1

Образец бр.1

## ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА НОТАРСКИ ДЕЛОВНИ КНИГИ

Нотарска комора на Република Северна Македонија

Прими од ____________________________________________

(име и презиме и седиште – адреса на нотарот)

на ден ________ 20__ година овој/оваа ________________________

(назив на уписникот или книгата)

и по прегледот издаде:

**П О Т В Р Д А**

Се потврдува дека овој/оваа ______________________________

(назив на уписникот или книгата)

Има _________________________________________ страници,

(број со зборови)

на ден ________ 20__ година ја потпиша и ја завери и на
ден __________20__ година ја предаде на
нотарот______________________________ од ________________________

(име и презиме) (место)

Број: ___________

Во _______________________, _____ 20__ година

(место)

Претседател,

___________________________

(формат 110x100 мм)

Образец бр.2

**ШТЕМБИЛ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА НОТАРСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА**

**Република Северна Македонија**
**Н О Т А Р**

____________________________________

(Име и презиме)

____________________________________

(подрачје на Основниот суд за кое е именуван нотарот)

Формат (60х60 мм)

Образец бр.3

**ШТЕМБИЛ ЗА ПРИЕМ НА ПИСМЕНО – ПРИЕМЕН ШТЕМБИЛ**

НОТАР

______________________________________________________________

(име и презиме и седиште – адреса на нотарот)

Примени непосредно од __________________________, по пошта (обично/препорачано) ___________ 20___ година, во _____ примероци со ____________ прилози.

Писменото е стигнато по пошта отворено - со оштетена обвивка.

Предадено на пошта препорачано на
ден_____________ 20_________ година.

Писменото таксирано со ______________ денари____ таксата______
недостасува такси ______ денари_____ писменото е примено без такси.

Примени и вратени (пари и сл.) _________________________________________

Потпис на овластено лице,

______________________________

Формат (120х50 мм)

Образец бр.4

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА НОТАРСКИ ДЕЛОВНИ КНИГИ**

Нотарска комора на Република Северна Македонија

Прими од ______________________________________________

(име и презиме и седиште – адреса на нотарот)

на ден __________20___ година овој/оваа ___________________________

(име на уписникот или книгата)

и после прегледот издаде

**П О Т В Р Д А**

Се потврдува дека овој/оваа ______________________________________

(име на уписникот или книгата)

кој/ која има ______________ страници е исполнет-а до ________ страница и е заклучен-а.

_________________________________, на ден ____________20___ година, е ставен-а надвор од употреба и на ден __________________ 20 ______ година е вратен-а на нотарот.

Број: ______________

Во ______________________, ___________20___ година

(место)

Претседател,

____________________

Формат (110x100 мм)

Образец бр.5

**ШТЕМБИЛ ЗА ОДОБРЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НОТАРСКИ ТРОШОЦИ – ТАКСИ**

Одобрено ослободување од плаќање на трошоци-такси

Реден број на пописот на писменото ________

Формат (80x30мм)

Образец бр.6

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ИЗВРШНОСТ**
**НА НОТАРСКА ИСПРАВА**

Оваа нотарска исправа е извршна на ден

____________ 20 ___ година.

Нотар,

__________________________
(потпис и печат)

Формат (80х40мм)

Образец бр.7

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ИЗВОД**

Јас, НОТАР ___________________________________
_________________________________________________
(име, презиме и седиште – адреса на нотарот)
потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој е _________ извод – потполн – во извадок, кон кого не се приложени – се приложени ____________ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ _________________
Во __________, ___________20___ година

Н О Т А Р,

___________________
(потпис и печат)

Формат (90х60мм)

Образец бр.8

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПРЕПИС**

Јас, НОТАР ________________________________________
__________________________________________________
(име, презиме и седиште – адреса на нотарот)
потврдувам дека е ова препис на изворната
исправа – на оверениот препис _____________
__________________________________________________
(назив на преписот)

Напишан е на рака (со молив, со хемиско пенкало, со мастило), со машина за пишување, со компјутер, со други механички или хемиски средства (фотокопие и слично), кој има ___ страници. Изворната исправа по мое сознание – по тврдење на странката се наоѓа ______________________________________________ ја донесе со себе, побара препис ______________________________________________
(име, презиме и адреса на доносителот)

Нотарската такса по заверка тарифен број ___ од Законот ____________________________________
(да се наведе прописот)

во износ од _____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на судски такси по тарифен број ___ од Законот ___________________.
(да се наведе прописот)

Нотарската награда е пресметана во износ од ________ денари и трошоци _____________ денари.

Број УЗП _____________
Во ___________ , _________20____ година

НОТАР,

____________________
(потпис и печат)

Формат (90x120 мм)

Образец бр.9

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПОТПИС ИЛИ РАКОЗНАК**

Јас , НОТАР ________________________________________________

______________________________________________________________

(име, презиме и седиште – адреса на нотарот)

потврдувам дека __________________________________________

______________________________________________________________

(име, презиме и адреса)

во мое присуство своерачно го потпиша писменото –
стави свој ракознак на него – го призна потписот за
свој – ракознакот на писменото како свој.

Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз
основа на лична карта или пасош ______________________

(број на лична карта или
пасош и орган кој го издал)

со сведоци ________________________________________________

_____________________________________________________________.

(име и презиме и број на лична карта или пасош и орган кој го издал)

Потписот/ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно член 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број ________
од Законот ________________________________________________

(да се наведе прописот)

во износ од __________________________ денари наплатена и
поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарски такси, врз основа на член ____________________ од Законот ________________________________________ .

(да се наведе кој закон)

Нотарската награда е пресметана во износ од __________
денари и трошоци _______________ денари.

Број: УЗП ____________

Во _______________, 20_____ година

НОТАР,

______________________

(потпис и печат)

Формат (90x160 мм)

Образец бр.10

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ИЗВОДИ И ПРЕПИСИ ОД РЕГИСТРИ,ТРГОВСКИ И ДЕЛОВНИ КНИГИ**

Јас, НОТАР ________________________________________________
________________________________________________________________
(име, презиме и седиште – адреса на нотарот)

потврдувам дека ова е извод од трговска – деловна книга ________________________________________________________
(вид и чија е)

Овој извод односно преписот е спореден со регистарот односно изворната книга и дека изводот односно преписот е идентичен со соодветната ставка во регистарот односно изворната книга.

Нотарската такса за заверка по тарифен број ____________ од Законот _______________________________________.
(да се наведе кој пропис)

во износ од ____________ денари, наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарски такси по тарифен бр.______ од Законот _____________________________.
(да се наведе кој закон)

Нотарската награда е пресметана во износ од __________ денари и трошоци ___________________ денари.

Број: УЗП ___________

Во ___________, __________20___ година

НОТАР,

________________________
(потпис и печат)

Формат (70x100 мм)

Образец бр.11

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПРЕВОД**

Јас, НОТАР ________________________________________
________________________________________________________

(име, презиме и седиште – адреса на нотарот)

потврдувам дека овој превод е извршен од овластен

судски преведувач ________________________________

(име и презиме)

од ____________________________________ јазик

на ____________________________________ јазик

Нотарската такса за заверка по тарифен број ___ од

Законот _______________________________________

(да се наведе прописот)

во износ од __________ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарските такси, по тарифен број _____ од Законот _________________________.

(да се наведе прописот)

Нотарската награда е пресметана во износ од _________ денари и трошоци _______________ денари.

Број: УЗП ______________

Во ___________ , ________20___

НОТАР,

__________________

(потпис и печат)

Формат (80x100мм)

Образец бр.12

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ВРЕМЕТО КОГА ИСПРАВАТА Е ПОДНЕСЕНА**

Јас, НОТАР
____________________________________________________________
____________________________________________________________
(име, презиме и седиште – адреса на нотарот)

потврдувам дека оваа исправа ми е предочена, односно во мое присуство ____________________________________________
(име, презиме и адреса)

ми ја предочи на ________________________________________
(ден, месец, година и час)

Идентитетот на лицето кое исправата ми ја предочи е утврден врз основа на лична карта или пасош
____________________________________________________________
(број на лична карта или пасош и орган кој го издал)

со сведоци ______________________________________________
(име и презиме на сведоците)
____________________________________________________________
____________________________________________________________
(броеви на нивните лични карти или пасоши и орган кој ги издал)

Нотарската такса по тарифен број ______________ од Законот
____________________________________________________________
(да се наведе прописот)

во износ од ____ денари наплатена на примерокот кој останува за архивирање.

Ослободено од плаќање на нотарски такси, по тарифен бр.__ од Законот ________________________________________________.
(да се наведе прописот)

Нотарската награда е пресметана во износ од _______ денари и трошоци во износ од ____________ денари.

Број: УЗП ___________

Во _________ , ________20___ година

НОТАР,

_________________
(потпис и печат)

Формат (90x130 мм)

Образец бр.13

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА РОКОТ НА ЧУВАЊЕ НА СПИСОТ**

| |
|---|
| Списот се чува до __________________ |

Формат (60x20 мм)

Образец бр.14

**ШТЕМБИЛ ЗА ПРЕСМЕТКА ЗА АВАНСИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НАДВОР ОД КАНЦЕЛАРИЈА**

ПРЕСМЕТКА ЗА АВАНСИРАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НАДВОР ОД КАНЦЕЛАРИЈА

Ознака на списот ______________________

1. Патни трошоци:
   а) за превоз од ______________ до ____________ ................ денари ________
   б) километри од ______________ до ____________ .............. денари ________
2. Дневница – паушал ............................................................................ денари _________
3. Трошоци за сведокот ........................................................................ денари _________
4. Трошоци и награда за вештакот ........................................... денари _________
5. Такса според тар.бр. __ од Законот ________________ денари _________
   (да се наведе прописот)

______________________________________________________________________

ВКУПНО: ................... денари ________

Авансно платено ...................................................................... денари ________

Останува за исплата – наплата ..................................................... денари ________

Датум __________ 20___ година

Одобрува исплата: Подносител на пресметката,

__________________ ____________________________

Формат (110x100 мм)

Образец бр.15

**ШТЕМБИЛ ЗА АРХИВСКИ БРОЈ**

| |
|---|
| Бр. ______________________ |
| ______________________ |
| ден, месец и година |

Формат (60x20 мм)

Образец бр.16

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ПРАВОСИЛНОСТ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ**

| |
|---|
| ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА |
| Ден ________________ 20___ година |
| Нотар |
| ____________________ |
| (потпис и печат) |

Формат (80x40 мм)

Образец бр.17

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ДЕЛУМНА ПРАВОСИЛНОСТ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ**

ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА ВО ДЕЛОТ_________________________________
__________________________________________

Ден ________________ 20___ година

Нотар

___________________
(потпис и печат)

Формат (80x40 мм)

Образец бр.18

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ИЗВРШНОСТ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ**

ОДЛУКАТА Е ИЗВРШНА

Ден ________________ 20___ година

Нотар

___________________
(потпис и печат)

Формат (80x40 мм)

Образец бр.19

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ДЕЛУМНА ИЗВРШНОСТ НА РЕШЕНИЕ НА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ**

| |
|---|
| ОДЛУКАТА Е ИЗВРШНА ВО ДЕЛОТ НА________________________________________<br>__________________________________________<br><br>Ден ________________ 20___ година<br><br>Нотар<br><br>____________________<br>(потпис и печат) |

Формат (80x40 мм)

Образец бр.20

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРИЕМ НА СПИСИ

| |
|---|
| **П Р И М Е Н О**<br><br>Датум на прием на писмено<br><br>**Н О Т А Р**<br>______________________________________<br>(име и презиме на нотар - град) |

Формат (50x27 мм)

Прилог 1-а/Shtojcë 1-a

Образец бр. 1/Formulari nr. 1

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА НОТАРСКИ ДЕЛОВНИ КНИГИ/**
**VULA KATRORE PËR VERIFIKIMIN E LIBRAVE AFARISTE NOTERIALE**

Нотарска комора на Република Северна Македонија/
Oda e Noterëve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Прими од/Pranoi nga

_______________________________________________
(име и презиме и седиште- адреса на нотарот– /emri dhe mbiemri dhe selia– adresa e noterit)

на ден/më datë _________ 20____ година, овој/оваа/ky/kjo ____________

_______________________________________________
(назив на уписникот или книгата/emërtimi i regjistrit ose librit)

и по прегледот издаде/dhe pas kontrollit lëshoi:

**П О Т В Р Д А / V Ë R T E T I M**

Се потврдува дека овој/оваа/Vërtetohet se ky/kjo_______________

_______________________________________________
(назив на уписникот или книгата/emërtimi i regjistrit ose librit)

Има/Ka_______________________________________________ страници/faqe,
(број со зборови/numri me fjalë)

на ден/më datë ________ 20____ година ја потпиша и ја завери и на ден/е nënshkroi dhe e verifikoi dhe më datë __________20__ година, ја предаде на нотарот/ia dorëzoi noterit _________________________ од/nga
(име и презиме/emri dhe mbiemri)

______________________.
(место/vendi)

Број/Numër: ___________
Во/Në _______________________, _____ 20__ година
(место/vendi)

Претседател/Kryetar,

_________________________

(формат/formati 110x100 мм/mm)

Образец бр.2/Formulari nr.2

**ШТЕМБИЛ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА НОТАРСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА/VULA KATRORE PËR SHËNIMIN E ZYRËS NOTERIALE**

**Република Северна Македонија/**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Н О Т А Р/N O T E R**

______________________________

(Име и презиме/Emri dhe mbiemri)

______________________________

(подрачје на Основниот суд за кое е именуван нотарот/rajoni i Gjykatës Themelore për të cilin është emëruar noteri)

Формат/Formati (60x60 мм/mm)

Образец бр.3/Formulari nr. 3

**ШТЕМБИЛ ЗА ПРИЕМ НА ПИСМЕНО – ПРИЕМЕН ШТЕМБИЛ/**
**VULA KATRORE PËR PRANIMIN E SHKRESËS – VULA KATRORE PRANUESE**

НОТАР/NOTER

________________________________________________________________

(име и презиме и седиште– адреса на нотарот / emri dhe mbiemri dhe selia – adresa e noterit)

Примени непосредно од/Të pranuara drejtpërdrejt nga ___________________, по пошта/përmes postës (обично/препорачано/е thjeshtë/rekomande), на/më__________ 20___ година, во/në _______ примероци /ekzemplarë со/me ___________ прилози/shtojca.

Писменото е стигнато по пошта отворено - со оштетена обвивка/Shkresa ka arritur përmes postës e hapur – me mbështjellës të dëmtuar.

Предадено на пошта препорачано на ден/Dorëzuar në postë rekomande më datë _______ 20___година.

Писменото таксирано со/Shkresa është taksuar me _____________ денари-таксата/ denarë_______taksa________

недостасува такси/mungojnë taksat _______ денари/denarë _________ писменото е примено без такси/ shkresa është pranuar pa taksa.

Примени и вратени (пари и сл.)/Të pranuara dhe të kthyera (para dhe ngjashëm) ______________________________________

Потпис на овластено лице,/Nënshkrimi i personit të autorizuar,

___________________________

Формат/Formati (120x50 мм/mm)

Образец бр. 4/Formulari nr. 4

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА НОТАРСКИ ДЕЛОВНИ КНИГИ/**
**VULA KATRORE PËR MBYLLJEN E LIBRAVE AFARISTE NOTERIALE**

Нотарска комора на Република Северна Македонија/
Oda e Noterëve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Прими од/Pranoi nga ________________________________________________________________

(име и презиме и седиште– адреса на нотарот /emri dhe mbiemri dhe selia – adresa e noterit)

на ден/më datë ______20___ година, овој/оваа/ky/kjo ________________________________

(име на уписникот или книгата/
emri i regjistrit ose librit)

и после прегледот издаде/dhe pas kontrollit lëshoi

П О Т В Р Д А/V Ë R T E T I M

Се потврдува дека овој/оваа/Vërtetohet se ky/kjo
____________________________________

(име на уписникот или книгата/
emri i regjistrit ose librit)

кој/ која има/i cili/e cila ka ________________ страници/faqe, е исполнет-а до/është e plotësuar deri në faqen __________ страница и е заклучен-а/dhe është mbyllur.
___________________________________________________, на ден/më datë ______20___ година, е ставен-а надвор од употреба/është vënë jashtë përdorimit и на ден/dhe më datë__________ 20___ година, е вратен-а на нотарот/i është kthyer noterit.

Број/Numër: ______________
Во/Në ________________________, _______20___ година

(место/vendi)

Претседател/Kryetar,

______________________

Формат/Formati (110x100 мм/mm)

Образец бр. 5/Formulari nr. 5

**ШТЕМБИЛ ЗА ОДОБРЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НОТАРСКИ ТРОШОЦИ-ТАКСИ/ VULA KATRORE PËR PËRJASHTIM TË APROVUAR NGA PAGESA E SHPENZIMEVE - TAKSAVE**

| |
|---|
| Одобрено ослободување од плаќање на трошоци-такси/Përjashtim i aprovuar nga pagesa e shpenzimeve - taksave<br><br>Реден број на пописот на писменото/Numri rendor i fletëregjistrimit të shkresës__________ |

Формат/Formati (80x30мм/mm)

Образец бр. 6/Formulari nr. 6

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ИЗВРШНОСТ НА НОТАРСКА ИСПРАВА/ VULA KATRORE E EKZEKUTUESHMËRISË SË AKTIT NOTERIAL**

| |
|---|
| Оваа нотарска исправа е извршна на ден/<br>Ky akt noterial është i ekzekutueshëm më datë<br><br>___________ 20 ___ година<br><br>Нотар/Noter,<br><br>______________________________<br>(потпис и печат/nënshkrim dhe vulë) |

Формат/Formati (80x40мм/mm)

Образец бр. 7/Formulari nr. 7

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ИЗВОД/**
**VULA KATRORE PËR VERIFIKIMIN E EKSTRAKTIT**

Јас, НОТАР/Unë NOTER

____________________________________________

____________________________________________

(име, презиме и седиште– адреса на нотарот /
emri, mbiemri dhe selia - adresa e noterit)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот/vërtetoj se ky ekstrakt është identik me origjinalin.
Овој е/Ky është ________ извод – потполн – во извадок/ekstrakt – i plotë – në ekstrakt, кон кого не се приложени – се приложени/ndaj të cilit nuk janë bashkëngjitur – janë bashkëngjitur ____________________ преписи од прилогот на нотарската исправа/kopje të shtojcës së aktit noterial.

Број/Numër: ОДУ/RPA _________________
Во/Në ______________, ______20___ година

НОТАР/NOTER,

___________________________

(потпис и печат/nënshkrim dhe vulë)

Формат/Formati (90x60мм/mm)

Образец бр. 8/Formulari nr.8

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПРЕПИС/**
**VULA KATRORE PËR VERIFIKIM TË KOPJES**

Јас, НОТАР/Unë, NOTER ______________________________________________

(име, презиме и седиште -адреса на нотарот/ emri, mbiemri dhe selia-adresa e noterit)

потврдувам дека е ова препис на изворната исправа – на оверениот препис/vërtetoj se kjo është kopje e dokumentit origjinal – kopjes së verifikuar ________________________________________________________.

(назив на преписот/emërtimi i kopjes)

Напишан е на рака (со молив, со хемиско пенкало, со мастило), со машина за пишување, со компјутер, со други механички или хемиски средства (фотокопие и слично) кој има _____ страници./Është shkruar me dorë (me laps, me stilograf kimik, me bojë), me makinë shkrimi, me kompjuter, me mjete tjera mekanike ose kimike (fotokopje dhe ngjashëm), që ka _____faqe. Изворната исправа по мое сознание – по тврдење на странката се наоѓа/Dokumenti origjinal sipas njohurisë sime – sipas pretendimit të palës gjendet ___________________________________ ja донесе со себе, побара препис/e solli me vete, kërkoi kopje __________________________________________________________________

(име, презиме и адреса на доносителот/emri, mbiemri dhe adresa e parashtruesit)

Нотарската такса по заверка тарифен број/Taksa noteriale sipas numrit tarifor të verifikimit ___ од Законот/nga Ligji __________________ __________________________________________________________________

(да се наведе прописот/të shënohet rregullorja)

во износ од/në shumë prej _____ денари/denarë, наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање/e paguar dhe e shlyer në ekzemplarin i cili mbetet për arkivim.

Ослободено од плаќање на судски такси по тарифен број/Përjashtuar nga pagesa e taksave gjyqësore sipas numrit tarifor ___ од Законот/nga Ligji ____________________________________________.

(да се наведе прописот/të shënohet rregulla)

Нотарската награда е пресметана во износ од/Shpërblimi noterial është përllogaritur në shumë prej ________ денари/denarë, и трошоци/dhe shpenzimet _____________ денари/denarë.

Број УЗП/Numër RVV _____________

Во/Në _____________ , _______20____ година

НОТАР/NOTER,

________________________

(потпис и печат/nënshkrim dhe vulë)

Формат/Formati (90x120 мм/mm)

Образец бр.9/Formulari nr.9

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПОТПИС ИЛИ РАКОЗНАК/**
**VULA KATRORE PËR VERIFIKIM TË NËNSHKRIMIT OSE SHENJËS**

Јас, НОТАР/Unë, NOTER ________________________________________

_______________________________________________________________

(име, презиме и седиште-адреса на нотарот/emri, mbiemri dhe selia – adresa e notert)

потврдувам дека/vërtetoj se __________________________________

______________________________________________________________

(име, презиме и адреса/emri, mbiemri dhe adresa)

во мое присуство своерачно го потпиша писменото – стави свој ракознак на него – го призна потписот за

свој – ракознакот на писменото како свој/ në prezencën time e nënshkroi shkresën- vuri shenjën e tij në të – e pranoi nënshkrimin si të tijin – shenjën e shkresës si të tijin.

Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта или пасош/ Identitetin e pjesëmarrësit e vërtetova vetë në bazë të letërnjoftimit ose pasaportës

______________________________________________________________________________________________

(број на лична карта или пасош и орган кој го издал/numri i letërnjoftimit ose pasaportës dhe organi i cili e ka lëshuar)

со сведоци/me dëshmitarë ______________________________________________

______________________________________________.

(име и презиме и број на лична карта или пасош и орган кој го издал/emri dhe mbiemri dhe numri i letërnjoftimit ose pasaportës dhe organi i cili e ka lëshuar)

Потписот/ракознакот на писменото е втиснат/Nënshkrimi/shenja e shkresës është shtypur.

Согласно член 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа./Në pajtim me nenin 86 paragrafi (4) të Ligjit për noterinë, pjesëmarrësit janë njoftuar se noteri nuk është përgjegjës për përmbajtjen e shkresës as nuk është i detyruar të kontrollojë nëse pjesëmarrësit janë të autorizuar për atë punë juridike.

Нотарската такса за заверка по тарифен број/Taksa noteriale për verifikim sipas numrit tarifor _______

од Законот/nga Ligji ______________________________________________________________________________

(да се наведе прописот/të shënohet rregulla)

во износ од/në shumë prej ______________________ денари/denarë, наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање/ e paguar dhe e shlyer në ekzemplarin i cili mbetet për arkivim.

Ослободено од плаќање на нотарски такси, врз основа на член/Të përjashtuar nga pagesa e taksave noteriale, në bazë të nenit ________ од Законот/nga Ligji ___________________________________ .

(да се наведе кој закон/të shënohet cili ligj)

Нотарската награда е пресметана во износ од/Shpërblimi noterial është përllogaritur në shumë prej ____________

денари/denarë и трошоци/ dhe shpenzime prej _____________ денари/denarë.

Број/Numër: УЗП/RVV ___________

Во/Në ______________, 20____ година

НОТАР/NOTER,

___________________________________

(потпис и печат/nënshkrim dhe vulë)

Формат/Formati (90x160 мм/mm)

Образец бр.10/Formulari nr.10

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ИЗВОДИ И ПРЕПИСИ ОД РЕГИСТРИ, ТРГОВСКИ И ДЕЛОВНИ КНИГИ/**
**VULA KATRORE PËR VERIFIKIM TË EKSTRAKTEVE DHE KOPJEVE NGA REGJISTRAT DHE LIBRAT TREGTARE DHE AFARISTE**

Јас, НОТАР/Unë, NOTER________________________________________
___________________________________________________________________

(име, презиме и седиште -адреса на нотарот /emri, mbiemri dhe selia – adresa e noterit)

потврдувам дека ова е извод од трговска – деловна книга/vërtetoj se ky është ekstrakt nga libri tregtar - afarist

_______________________________________________________

(вид и чија е/lloji dhe i kujt është)

Овој извод, односно преписот е спореден со регистарот, односно изворната книга и дека изводот, односно преписот е идентичен со соодветната ставка во регистарот, односно изворната книга/Ky ekstrakt, gjegjësisht kopje është krahasuar me regjistrin, gjegjësisht me librin burimor dhe se ekstrakti, gjegjësisht kopja është identike me paragrafin përkatës në regjistrin, gjegjësisht librin burimor.

Нотарската такса за заверка по тарифен број/Taksa noteriale për kontroll sipas numrit tarifor _____ од Законот/nga Ligji

_________________________________________________________________.

(да се наведе кој пропис/të shënohet cila rregullore)

во износ од/në shumë prej ___________ денари/denarë, наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање/e paguar dhe e shlyer në ekzemplarin i cili mbetet për arkivim.

Ослободено од плаќање на нотарски такси по тарифен бр./Përjashtuar nga pagesa e taksave noteriale sipas numrit tarifor_________ од Законот/nga Ligji

________________________________.

(да се наведе кој закон/të shënohet cili ligj)

Нотарската награда е пресметана во износ од/Shpërblimi noterial është përllogaritur në shumë prej _________ денари/denarë и трошоци/dhe shpenzime __________________________ денари/denarë.

Број/Numër: УЗП/RVV __________
Во/Në __________, _______20___ година

НОТАР/NOTER,

________________________

(потпис и печат/nënshkrim dhe vulë)

Формат/Formati (70x100 мм/mm)

Образец бр. 11/Formulari nr. 11

**ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПРЕВОД/**
**VULA KATRORE PËR VERIFIKIM TË PËRKTHIMIT**

Јас, НОТАР/Unë, NOTER

______________________________________________________________

______________________________________________________________

(име, презиме и седиште– адреса на нотарот /emri, mbiemri dhe selia-adresa e noterit)

потврдувам дека овој превод е извршен од овластен судски преведувач/vërtetoj se ky përkthim është kryer nga përkthyes i autorizuar gjyqësor _________________________________

(име и презиме/emri dhe mbiemri)

од/nga gjuha ________________________________________ јазик

на/në gjuhën________________________________________ јазик

Нотарската такса за заверка по тарифен број/Taksa noteriale për verifikim sipas numrit tarifor ___ од Законот/nga Ligji _____________________________________________.

(да се наведе прописот/të shënohet rregullorja)

во износ од/në shumë prej __________ денари/denarë, наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање/e paguar dhe e shlyer në ekzemplarin që mbetet për arkivim.

Ослободено од плаќање на нотарските такси, по тарифен број/Përjashtuar nga pagesa e taksave noteriale, sipas numrit tarifor ____ од Законот/nga Ligji _______________________________.

(да се наведе прописот/të shënohet rregulla)

Нотарската награда е пресметана во износ од/Shpërblimi noterial është përllogaritur në shumën prej _________денари/denarë и трошоци/dhe shpenzime ___________ денари/denarë.

Број/Numër: УЗП/RVV ______________

Во/Në ___________ , ________20___

НОТАР/NOTER,

____________________________

(потпис и печат/nënshkrim dhe vulë)

Формат/Formati (80x100мм/mm)

Образец бр. 12/Formulari nr. 12

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ВРЕМЕТО КОГА ИСПРАВАТА Е ПОДНЕСЕНА /**
**VULA KATRORE PËR VËRTETIM TË KOHËS KUR ËSHTË PARASHTRUAR DOKUMENTI**

Јас, НОТАР/Unë, NOTER ________________________________________

__________________________________________________________

(име, презиме и седиште-адреса на нотарот/emri, mbiemri dhe selia – adresa e noterit)

потврдувам дека оваа исправа ми е предочена, односно во мое присуство/vërtetoj se ky dokument më është paraqitur, gjegjësisht në prezencën time _______________________________________________

(име, презиме и адреса/emri, mbiemri dhe adresa)

ми ја предочи на/ma paraqiti ______________________________________

(ден, месец, година и час/dita, muaji, viti dhe ora)

Идентитетот на лицето кое исправата ми ја предочи е утврден врз основа на лична карта или пасош/Identiteti i personit i cili ma paraqiti dokumentin është përcaktuar në bazë të letërnjoftimit ose pasaportës

_____________________________________________________________________________________

(број на лична карта или пасош и орган кој го издал/numri i letërnjoftimit ose pasaportës dhe organi i cili e ka lëshuar)

со сведоци/me dëshmitarë __________________________________________________

(име и презиме на сведоците/emri dhe mbiemri i dëshmitarëve)

____________________________________________________________

____________________________________________________________

(броеви на нивните лични карти или пасоши и орган кој ги издал/
numrat e letërnjoftimeve ose pasaportave të tyre dhe organi i cili i ka lëshuar)

Нотарската такса по тарифен број/Taksa noteriale sipas numrit tarifor _______________ од Законот/nga Ligji______________________________________________________________________________

(да се наведе прописот/të shënohet rregullorja)

во износ од/në shumë prej _________ денари/denarë, наплатена на примерокот кој останува за архивирање/ e paguar në ekzemplarin i cili mbetet për arkivim.

Ослободено од плаќање на нотарски такси, по тарифен бр./Përjashtuar nga pagesa e taksave noteriale, sipas numrit tarifor nr. _____ од/nga Законот/Ligji _____________________________________.

(да се наведе прописот/të shënohet rregullorja)

Нотарската награда е пресметана во износ од/Shpërblimi noterial është përllogaritur në shumë ________ денари/denarë, и трошоци во износ од/dhe shpenzime në shumë prej_____________ денари/denarë.

Број/Numër: УЗП/RVV ____________

Во/Në _________ , ________20___ година

НОТАР/NOTER,

___________________________

(потпис и печат/nënshkrim dhe vulë)

Формат/Formati (90x130 мм/mm)

Образец бр. 13/Formulari nr. 13

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА РОКОТ НА ЧУВАЊЕ НА СПИСОТ/ VULA KATRORE PËR VËRTETIMIN E AFATIT TË RUAJTJES SË DOKUMENTIT**

| |
|---|
| Списот се чува до/Dokumenti ruhet deri më ______________________________ |

Формат/Formati (60x20 мм/mm)

Образец бр. 14/Formulari nr. 14

**ШТЕМБИЛ ЗА ПРЕСМЕТКА ЗА АВАНСИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НАДВОР ОД КАНЦЕЛАРИЈА/ VULA KATRORE PËR PËRLLOGARITJE PËR PARADHËNIE TË SHPENZIMEVE PËR DALJE JASHTË ZYRËS**

ПРЕСМЕТКА ЗА АВАНСИРАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НАДВОР ОД КАНЦЕЛАРИЈА/PËRLLOGARITJA PËR PARADHËNIE TË SHPENZIMEVE PËR DALJE JASHTË ZYRËS

Ознака на списот/Shenja e dokumentit ______________________

1. Патни трошоци//Shpenzime udhëtimi:

а) за превоз од/për transport nga ______________ до/deri në____________ ............................ денари/denarë________________

б) километри од/kilometra nga _____________ до/deri ________________ ........................... денари/denarë _____________

2. Дневница – паушал/mëditja-paushall ................................................................ денари/denarë___________________

3. Трошоци за сведокот/Shpenzime përdëshmitarin.......................................................................... денари/denarë_____________

4. Трошоци и награда за вештакот/Shpenzime dhe shpërblimi për ekspertizë .................................................. денари/denarë______________

5. Такса според тар.бр./Taksa sipas nr. Tarifor _____ од Законот/nga Ligji __________________________________________........... денари/denarë__________ _

(да се наведе прописот/të shënohet rregullorja)

___________________________________________________________________________

ВКУПНО/GJITHSEJ: ................... денари/denarë ________

Авансно платено/E paguar me paradhënie ..................................................................... денари/denarë ________

Останува за исплата – наплата/Mbetet për pagesë - arkëtim ..................................................... денари/denarë ________

Датум/Data __________ 20___ година

Одобрува исплата/Aprovon pagesë: Подносител на пресметката/ Parashtruesi i përllogaritjes,

__________________ ____________________________

Формат/Formati (110x100 мм/mm)

Образец бр. 15/Formulari nr. 15

**ШТЕМБИЛ ЗА АРХИВСКИ БРОЈ/**
**VULA KATRORE PËR NUMËR ARKIVOR**

| |
|---|
| Бр./Nr.<br>____________________________________<br><br>_____________________________________<br>ден, месец и година/dita, muaji dhe viti |

Формат/Formati (60x20 мм/mm)

Образец бр. 16/Formulari nr. 16

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА**
**ПРАВОСИЛНОСТ НА РЕШЕНИЕ ЗА**
**НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ/**
**VULA KATRORE PËR VËRTETIM**
**TË PLOTFUQISHMËRISË SË**
**AKTVENDIMIT PËR URDHRIN E PAGESËS**
**NOTERIALE**

| |
|---|
| ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА/<br>VENDIMI ËSHTË I PLOTFUQISHËM<br><br>Ден/Datë __________20___ година<br><br>Нотар/Noter<br><br>______________________<br>(потпис и печат/nënshkrim dhe vulë) |

Формат/Formati (80x40мм/mm)

Образец бр. 17/Formulari nr. 17

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ДЕЛУМНА ПРАВОСИЛНОСТ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ/ VULA KATRORE PËR VËRTETIMIN E PLOTFUQISHMËRISË SË PJESSHME TË AKTVENDIMIT PËR URDHËRPAGESË NOTERIALE**

ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА ВО ДЕЛОТ/VENDIMI ËSHTË I PLOTFUQISHËM NË PJESËN

Ден/Datë ________________ 20___ година

Нотар/Noter

______________________

(потпис и печат/nënshkrim dhe vulë)

Формат/Formati (80x40 мм/mm)

Образец бр. 18/Formulari nr. 18

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ИЗВРШНОСТ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ/ VULA KATRORE PËR VËRTETIMIN E EKZEKUTUESHMËRISË SË AKTVENDIMIT PËR URDHRIN E PAGESËS NOTERIALE**

ОДЛУКАТА Е ИЗВРШНА/
VENDIMI ËSHTË I EKZEKUTUESHËM

Ден/Datë ________________ 20___ година

Нотар/Noter

______________________

(потпис и печат/nënshkrim dhe vulë)

Формат/Formati (80x40 мм/mm)

Образец бр. 19/Formulari nr. 19

**ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ДЕЛУМНА ИЗВРШНОСТ НА РЕШЕНИЕ НА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ/VULA KATRORE PËR VËRTETIM TË EKZEKUTUESHMËRISË**

ОДЛУКАТА Е ИЗВРШНА ВО ДЕЛОТ НА/VENDIMI ËSHTË I EKZEKUTUESHËM NË PJESËN E

____________________________________________

____________________________________________

Ден/Datë __________ 20___ година

Нотар/Noter

_____________________

(потпис и печат/nënshkrim dhe vulë)

Формат/Formati (80x40 мм/mm)

Образец бр. 20/Formulari nr. 20

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРИЕМ НА СПИСИ/VULA KATRORE PËR VËRTETIM TË PRANIMIT TË DOKUMENTEVE

**П Р И М Е Н О/P R A N U A R**

Датум на прием на писмено/
Data e pranimit të shkresës

**Н О Т А Р/N O T E R**

________________________________________

(име и презиме на нотар – град/emri dhe mbiemri i noterit)

Формат/Formati (50x27 мм/mm)